Општина Штип
Број 08-6871/9
20.12.2012 година
Ш т и п

# З А П И С Н И К

Од втората седница на Економскиот совет на Општина Штип, одржана на ден **20 декември 2012 година** , со почеток во **14.00 часот**.

На седницата присуствуваа Градоначалникот на Општина Штип, д-р Зоран Алексов- претседател на Економскиот совет, членовите на Економски совет (со најавено отсуство на тројца членови- Љупчо Манџуков, Иле Николов и Коста Ташков), раководителот на одделение за поддршка на Градоначалникот на Општината Штип, Снежана Санева, раководителот на Сектор за јавни служби и локален економски развој Ване Маневски, записничар Маријана Трајкова и на покана присутни командир на Полициска станица- Штип, Дејан Петров и командир на сообраќајна полиција -Штип, Лазе Пасков.

Со седницата раководеше градоначалникот д-р Зоран Алексов, претседател на Економскиот совет на Општина Штип.

Претседателот на Економскиот совет на Општина Штип ги предложи следниве точки на дневниот ред :

1. Расправа за потребата од промена на сообраќајниот режим во централното градско подрачје во Општина Штип;
2. Разно;

На предлог на член на Економскиот совет, Зоран Митревски како 3 (трета) точка на дневниот ред да се стави :

1. Расправа за потребата од обезбедување на специјално возило за чистење снег на ЈП "Стипион" преку донација

Членовите на Економскиот совет едногласно **(10-за)** го усвоија следниот:

## **Д н е в е н р е д**

1. Расправа за потребата од промена на сообраќајниот режим во централното градско подрачје во Општина Штип;

2. Разно;
3. Расправа за потребата од обезбедување на специјално возило за чистење снег на ЈП "Стипион 2012" –Штип, преку донација;

**Точка 1 од дневниот ред –** Расправа за потребата од промена на сообраќајниот режим во централното градско подрачје во Општина Штип

Воведно образложение по оваа точка дадоа командир на Полициска станица- Штип Дејан Петров и командир на сообраќајна полиција -Штип, Лазе Пасков, за која цел беа поканети да присуствуваат на седницата, а се однесува на следното:

Ја разработуваат идеата за воведување на платен паркинг во централното градско подрачје давајќи насоки на реализација на истата.

Лазе Пасков зборува за воведување на еднонасочен режим на сообраќај во централното градско подрачје. Истакнува дека критична точка е ул.Маршал Тито и презентира 2 (две) идејни решенија:

1. Да се воведе еднонасочен режим на сообраќај на ул.Ванчо Прќе во спротивен правец од моменталниот. Со ова решение ќе се овозможи намалување на сообраќајот на кружниот тек и побрз проток на возила на истиот.
2. Да се ослободи ул.Маршал Тито од автобуската постојка поставена кај Трговскиот центар и од левата страна да се дислоцираат паркин местата наменети за такси превозниците. Со ова решение ќе се овозможи побрз проток на возила на истоимената улица што во моментов претставува критична точка .

Командир Петров дава предлог паркинг просторот кај аптека Зегин наменет за користење на тахи превозниците да се дислоцира на просторот позади трговскиот центар Нама, а на тоа место да се предвиди паркинг простор за останати возила.

Претседстелот на Економскиот совет д-р Зоран Алексов на темата за обезбедување паркинг простор во централното градско подрачје дава идеа паркинг простор кои ќе им биде на располагање на граѓаните да се обезбеди на ул. Страшо Пинџур наспроти СОУ " Димитр Мирасчиев" -Текстилно училиште.

Претседстелот на Економскиот совет д-р Зоран Алексов по оваа точка потенцира дека предложените решенија се од привремен карактер бидејќи проектот ,,Уредување на централното градско подрачје" е во завршна фаза од реализацијата со што трајно ќе се реши проблемот со паркинг просторот во градот.

На поставено прашање зошто ново изградениот кружен тек лоциран на ул.Ванчо Прке не е оплеменет, одговор дава дитекторот на ЈП

“Стипион” Тони Јовев кој истакнува дека истото не е направено поради лошите временски услови, а реализацијата на оплеменување на кружниот тек ќе започне во најбрз можен рок.

Точка 1 се стави на гласање.

Членовите на Економскиот совет едногласно **(10-за)** ја усвоија точка 1 од дневниот ред со следниот заклучок.

1. Да се изврши промена на еднонасочниот сообраќаен режим на ул.Ванчо Прке во спротивен правец, во насока од кружниот тек кон Трговскиот центар;
2. Да се дислоцира авто-такси станицата на ул.Маршал Тито, наместо пред Студенски дом и до мостот кај Судот да се предвиде стојалиште пред маркет Зендолино;
3. Да се дислоцира авто-такси станицата на ул.Ванчо Прке, пред зградата на аптека Загин на нова локација – позади трговски центар Нама;
4. Да се достави до Одделението за комунални дејности за понатамошна реализација;

**Точка 2 од дневниот ред –** Разно;

Воведно образложение даде претседателот на Економскиот совет каде акцент стави на потребата за разглегување на можноста за спроведување на гасификација во Општина Штип и под точка разно стави на гласање

1. Дискусија за потенцијалите за гасификација на Општина Штип.

По дадениот предлог Членовите на Економскиот совет едногласно **(10-за)** ја усвоија предложената точка.

Се отвара дискусија по предложената точка.

Прв за збор се јави претседателот на Економскиот совет на Општина Штип д-р Зоран Алексов и во овој контекст дава информација дека во тек е постапката за основање на јавно претпријатие за гасифицција ,,Енерго Штип” кое ќе има обврска да спроведе гасификација во Општина Штип. Јавното претпријатие ќе избере кој модел за гасификација ќе биде прифатлив, како и каде ќе се постави примарната мрежа итн. Понатаму го дава примерот на Општина Струмица и начинот на кој е спроведена гасификацијата во Општината ( таму се врши дотур на гас со цистерни до витруелна централа од каде понатаму се дистрибуира гасот до домаќинствата, индустриските објекти итн). Во излагањето ја потенцира важноста за изнаогање на начин за снабдување со поефтин гас.

Втор за збор се јавува Руде Јордев кој кажува дека треба да се разгледа детално моделот кој го има избрано Општина Струмица и истиот

модел да се преслика во Општина Штип ( како добра практика ). Иницира што порано да се реализира овој проект на што претседателот дава одговор дека на 25 декември 2012 година од страна на Советот на Општина Штип ќе биде донесена одлука за основање на ЈП за гасификација.

За збор по оваа точка се јави Зоран Митревски кој на предлогот на Јордев кажува дека истиот е прифатлив меѓутоа инвестицијата е скапа. Кажува дека Општина Штип е во подобра состојба бидејќи низ неа ќе помине крак од гасоводот кој го гради Владата на РМ и дека подобро е да се чека тој крак да дојде до Општина Штип па да се реши снабдувањето со природен гас во индустриската зона на поефикасен и поефтин начин.

Членовите на Економскиот совет едногласно **(10-за)** го усвоија предлогот за наредниот состанок да се достави информација за начинот на кој е спроведена гасификацијата во Општина Струмица со следниот текст:

1. Да се достави информација за начинот на кој е спроведена гасификацијата во Општина Струмица.

**Точка 3 од дневниот ред –** Расправа за потребата од обезбедување на специјално возило за чистење снег на ЈП "Стипион 2011" – Штип преку донација.

Прв за збор се јави Зоран Митревски, кој детално ја опшиша состојбата која настанува во градот за време на снежните денови и ја истакна потребата од обезбедување на специјално возило за чистење на снег кое треба да му се стави на располагање на ЈП " Стипион 2011 "-Штип. Имајќи ја во предвид финансиската состојба на јавното претпријатие како и состојбата на Општината ( која моментално се наоѓа во состојбана на реализација на повеќе поголеми проекти), даде предлог да се обезбеди такво специјално возило за чистење на снег преку донација која ќе ја обезбедат членовите на Економскиот совет и истото да му се даде на располагање на ЈП " Стипион 2011 "-Штип да го користи и да стопанисува со него. Во понатамошното излагање дава информација за видови на специјални вовила за чистење снег и дава едно свое видување какво возило е погодно за наши услови на пример помало возило кое ќе ги има сите функции на специјализирано возило за чистење на снегот, а да се набави поволно.

На дадениот предлог за збор се јави Трајан Ангелов кој што го поддржа и кажа дека самиот ќе се ангажира и до Економскиот совет ќе достави понуди за купување на поволно специјализирано возило за чистење снег.

Повротно за збор се јави предлагачот на оваа точка истакнувајќи дека со донирање на ова специјализирано возило на ЈП " Стипион 2011" – Штип ќе се покаже општествена одговорност и ќе претставува еден апел до сите граѓани да се активираат и да размислуваат за иднината на нашата Општина.

По исцрпената дискусија **по точка 3 од дневниот ред** на гласање се стави потребата од обезбедување на специјално возило за чистење снег на ЈП " Стипион 2011 " –Штип , преку донација.

Членовите на Економскиот совет едногласно **(10-за)** го усвоија предлогот со следниот текст :

1. Да се обезбеди поволно специјализирано возило за чистење снег на ЈП "Стипион 2011" –Штип, преку донација;

Седницата заврши во 16.00 часот.

Економски совет на Општина Штип
Претседател
Градоначалник на Општина Штип
д-р Зоран Алексов

Записничар
Маријана Трајкова